**Архивски број:** 04- 4642/10
**Датум:** 10 -07- 2026

Врз основа на член 11 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 03/2026**

1. Административниот службеник **Гордана Тренкоска** се избира за извршител на работните задачи за работното место:
   УПР0101Б01000 Државен советник за ЕУ програми и фондови, европска интеграција и меѓународна соработка

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 на ова решение ќе се изврши по конечноста на одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 30.06.2026 година објавен е интерен оглас бр.03/2026 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. УПР0101Б01000 Државен советник за ЕУ програми и фондови, европска интеграција и меѓународна соработка
2. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за младинска политика, Сектор за млади
3. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за следење и унапредување на социјалните услуги, Сектор за социјални услуги

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-4642/6 од 08.07.2026 година, спроведе административна селекција и интервју со кандидатите и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-4642/8 од

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
- Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore -

10.07.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-4642/9 од 10.07.2026 година, подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат до Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk